# ДЕТСКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ
## (обработка на податоците од анкета и интервјуа од Битола)


**Резиме**

Истражувањето во Битола опфати вкупно 79 ученици вклучени преку анкета и интервјуа и 6 претставници на наставничкиот кадар и администрацијата во двете училишта – основното училиште Елпида Караманди и средното економско училиште Јане Сандански.

Генерално, учениците учесници во истражувањето за заинтересирани за воспоставување на дете правобранител во нивното училиште. Исто така, претставниците на наставничкиот кадар и психолошко-педагошката служба позитивно се изјаснија за воспоставување на ваква позиција со напомена дека не се сигурни како тоа ќе функционира во пракса.

Училиштата немаат воспоставено механизми за заштита на правата на децата и се повикуваат на Конвенцијата. Во основното училиште постои правилник за училишен живот кој во најголема мерка ги регулира обврските, а правата се споменати само на две места. Најчест механизам кој функционира е обраќањето кон класниот раководител кој доколку оцени дека има потреба за тоа вклучува и други органи во училиштето за решавање на појавениот проблем, најчесто педагогот.

Знаењата на децата за нивните права и механизмите за заштита се лимитирани, што во голема мерка ги спречува да направат проценка кога некое нивно право е повредено. Дел од децата, особено основците се збунети по однос на тоа кои се нивни права, а кои обврски. И знаењата на училишниот кадар се лимитирани, бидејќи не постои редовна едукација за правата на децата и сé е оставено на индивидуалните интереси и потреби.


**Примерок од анкетата и учесници на интервјуата во училиштата**

Анкетата која го истражуваше потребата од воведување на детски правобранител во училиштата се состоеше од 20 комбинирани прашања од затворен, полуотворен и отворен тип. Со анкетата беа опфатени 26 испитаници од кои 10 ученици во основно училиште од 5то до 8мо одделение и 16 ученици во средно училиште од сите четири години избрани по случаен пат, а имајќи ја во предвид родовата и етничка структура како и бројот на ученици во соодветните училишта. Од аспект на родова застапеност, 14 од испитаниците се од машки пол, а 12 се девојчиња. Според етничката припадност, 23 се Македонци, и по еден Влав, Албанец и Турчин. Двајца од испитаниците живеат во рурална средина, додека останатите живеат во град.

Во групните интервјуа со ученици од основно и средно училиште беа вклучени 25 ученици (13 основци и 12 средношколци). Интервјуа беа организирани и со

28 претседатели на класови (12 претседатели од основното училиште и 16 претседатели од средното училиште).

Дополнително, интервјуа беа организирани и со шест претставници од училиштата (директорот, педагогот, социјалниот работник и еден класен раководител од основното училиште и педагогот и класен раководител од средното училиште).

**Наоди од анкетата**

На прашањето 'Дали знаеш за Конвенцијата за правото на детето', повеќе од половината испитаници - 54% од испитаниците одговориле негативно. Машките помалку знаат за Конвенцијата во споредба со девојчињата.
Уште поголем е бројот на испитаници кои ништо не прочитале од Конвенцијата.

**Дали знаеш за Конвенцијата за правата на детето?**




На прашањето 'Дали си ја прочитал/а Конвенцијата за правата на децата или некој дел од неа', само двајца од испитаниците од основното училиште, одговориле дека целосно ја прочитале Конвенцијата. 73% од учениците ништо не прочитале од Конвенцијата. Средношколците во многу поголем број не прочитале ништо од Конвенцијата.

**Дали си ја прочитал/а Конвенцијата за правата на децата или некој дел од неа?**




Претставниците на психолошко-педагошката служба од основното училиште сметаат дека имплементацијата на Конвенцијата се одвива, меѓутоа ограничено преку одредени проекти кои се фокусирани на одредена генерација како што неодамна бил случајот со учениците од трето одделение. Педагогот од средното училиште смета дека недоволно се имплементира Конвенцијата иако тој лично се труди да ги информира учениците на класните часови, како и преку активности кои ги договара со класните раководители особено за учениците во прва година.

Децата испитаници добија две прашања од отворен тип во кои од нив се бараше да ги набројат најважните права и обврски во училиштето кои им се познати. Основците сметаат дека дисциплината и грижата за инвентарот се нивни права, а не обврски. Како најважни права кои ги наведуваат учениците од основното училиште се: правото на сопствено мислење и правото на образование. Испитаниците од средното училиште во најголем број случаи ги навеле правото да го искажат своето мислење, правото на заштита од насилство и правото на рамноправност. Наодот покажува дека учениците од основното училиште недоволно ги познаваат своите права, особено ги збунува разграничувањето на правата и обврските и потребна им е едукација за да можат правилно да определат што е право, а што обврска.

Во однос на најважните обврски во училиштето, основците сметаат дека најважна обврска им е да ги почитуваат наставниците, додека за средношколците најважна обврска е редовното посетување на наставата.

Дополнително, за средношколците важно е да учат и да се грижат за инвентарот и учебниците. Ова последното веројатно е последица на казните кои се предвидени доколку се оштетат учебниците кои учениците ги добиваат бесплатно од Министерството за образование, па затоа децата ја наведуваат меѓу најважните обврски. Од наодите може да се заклучи, дека испитаниците се повеќе информирани за своите обврски отколку за своите права иако и двете категории треба подеднакво да се застапени во едукацијата на учениците.

Наодите од групните интервјуа со учениците од основното и средното училиште покажуваат дека учениците знаат за одредени права, како што се право на образование, право на здравствена заштита, право на слобода во мислењето. Меѓутоа и основците и средношколците имаат маглива претстава за тоа каде и како се регулирани правата на децата. Многу малку од нив знаат дека има некаков документ, други сметаат дека има организација за заштита на детските права, а некои деца посочуваат дека Уставот на државата ги штити правата на децата. Наодите од интервјуата со претседателите на одделенијата од основното училиште покажуваат дека учениците од повисоките одделенија – седмо и осмо знаат некои права и слушнале за некаков документ, дел од нив и учеле нешто по граѓанско образование, но не се сеќаваат на детали, додека претседателите од петтите и шестите одделенија не знаат ниту за правата, ниту за документ кој ги регулира. Претседателите на класовите од средното училиште знаат некои општи податоци за правата на децата, но во најголем дел сметаат дека не постои документ кој ги регулира и дека тоа веројатно е Уставот на државата. Сите претседатели знаат дека децата имаат право на родителска грижа до својата осумнаеста година. Од интервјуата и со учениците и со претседателите видливо е дека децата имаат многу малку познавања за детските права, што се совпаѓа и со наодите од анкетата каде децата особено основците имаа проблем со разграничување на нивните права и обврски.

Испитаниците имаа можност да изберат кои права од наведените (девет) права се дел од Конвенцијата за правото на детето. 42% од учениците избрале дека сите наведени права се дел од Конвенцијата и скоро подеднакво се застапени основците и средношколците во овој избор. За учениците кои парцијално ги избрале правата кои се дел од Конвенцијата најголем број се определиле дека правото на децата да кажат што мислат е дел од Конвенцијата, додека ниту еден средношколец не смета дека правото на приватност е дел од Конвенцијата. Во Табела 1 наведен е изборот на децата, бидејќи истите имаа можност да изберат повеќе одговори.

**Табела 1: Според тебе, кои од следните права се дел од Конвенцијата за правата на детето?**

| | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| Право на живот | 5 | 19,2 |
| Право на децата да кажат што мислат | 12 | 46,2 |
| Право на приватност | 4 | 15,4 |
| Право на образование | 11 | 42,3 |
| Право на децата да го користат својот мајчин јазик | 10 | 38,5 |
| Право на заштита од насилство | 10 | 38,5 |
| Право на одмор и игра | 9 | 34,6 |
| Право на учество во донесување на одлуки | 6 | 23,1 |
| Сите наведени права | 11 | 42,3 |

Ако се има во предвид дека само две деца целосно ја прочитале Конвенцијата, многукратното зголемување на бројката на испитаници кои велат дека сите наведени права се дел од Конвенцијата е позитивен тренд. Сепак заклучокот може да биде дека резултатот е последица повеќе на претпоставки за вклученоста на сите права во Конвенцијата отколку на знаење дека тоа е навистина така. Децата имаат одредени познавања за содржината на Конвенцијата и правата кои децата ги имаат, меѓутоа постои потреба за подобрување на нивните знаења за одредени индивидуални права, а во контекст на нивното образование.

Класните раководители од основното и средното училиште се согласни во нивното мислење дека децата многу малку ги познаваат нивните права, т.е. дека имаат некои општи информации но тоа е многу малку, но дека подобро ги знаат нивните обврски.

Најголем дел од испитаниците, 73% се информирани кај кого треба да се обратат во училиштето доколку им е повредено некое право. Основците во најголем број сметаат дека треба да се обратат кај социјалниот работник. Средношколците пак сметаат дека треба да се обратат кај педагогот и класниот раководител, а помал број се определиле и за директорот. Бројот на испитаници се намалува кога ќе им се постави прашањето 'Дали знаат кој треба да ги штити нивните права во училиштето?'. Така, 58% од испитаниците сметаат дека знаат кој треба да ги штити нивните права од кои најголем број се ученици во основното училиште.
За основците сите професори и директорот се задолжени да ги штитат нивните права, додека за средношколците централна фигура која треба да ги штити нивните права е класниот раководител. Тие дополнително ги спomенуваат и




педагогот и директорот, додека основците го споменуваат и социјалниот работник, категорија која веројатно не е присутна во средното училиште. Претседателот на класот воопшто не фигурира како тело кое ги штити правата на децата. Наодите покажуваат дека учениците имаат одредени сознанија за тоа кој е задолжен да ги штити нивните права, но тоа не ги прави доволно информирани за структурата, обврските и улогата што ја имаат соодветните органи во училиштето во областа на заштита на нивните права, особено не за улогата на претседателот на класот како нивни претставник.

Наодите од групните интервјуа со учениците од основното и средното училиште, како и претседателите на класовите/одделенијата покажуваат дека учениците како одговорни за заштита на нивните права во училиштето ги посочуваат директорот, педагогот (социјалниот работник) и класниот

раководител. Педагогот е најспоменуваната позиција како заштитник на правата на децата. Дел од децата заклучиле дека така треба да биде, но не се сигурни дека е така во реалноста, а средношколците изјавиле дека се плашат да пријавуваат повреда на нивните права. Претседателите од трета година изјавиле дека претседателите на класовите и на генерациите се одговорни да ги штитат нивните права.

Според директорот на основното училиште управата во училиштето е надлежна при прекршување на правата на учениците и училиштето има механизам за заштита на правата на децата. Основното училиште има документ која се вика Правила за училишен живот во кој во најголема мерка се регулираат должностите и обврските на учениците и вработените во училиштето, но во многу мала мерка т.е. општо се третираат правата на учениците. Само во еден член од документот се споменува дека учениците имаат право и обврска да се вклучуваат во воспитно-образовниот процес на училиштето и да бараат помош и поддршка од одделенскиот раководител, наставниците, стручните соработници, директорот и родителите. Дополнително се споменува дека наставниците и стручните соработници ќе бидат казнети доколку авторитарно се однесуваат кон учениците, ги омаловажуваат и ја девалвираат нивната личност.

Според интервјуираните класни раководители децата од средното училиште најчесто се обраќаат кај педагогот, додека во основното училиште тоа е класниот раководител ако им е повредено некое право. Според класните раководители нема интерни пишани правила за заштита на детските права во училиштата. И двајцата класни раководители изјавиле дека тие ги штитат правата на децата и преземаат активности за разрешување на проблеми од овој тип кога ќе се појават. Претставниците на психолошко-педагошката служба ги информираат учениците да се обратат најнапред кај класниот раководител доколку има повреда на нивните права. Овие наоди покажуваат дека покрај потребата за едукација на учениците за нивните права треба и да се едуцираат и за механизмите за заштита на нивните права.

На прашањето дали досега им биле повредени некои права во училиштето, само двајца ученици од средното училиште одговориле потврдно, додека 50% изјавиле дека не се сигурни дали досега им биле повредени некои права. Голем процент на ученици се сигурни дека досега не им е повредено ниту едно право. Несигурноста на учениците во утврдувањето дали некое право им е повредено дополнително укажува на потребата за едукација за нивните права. Едно од децата кои изјавиле дека им биле повредени нивните права образложило дека бил жртва на дискриминација. Децата се обратиле само кај родителите за да се пожалат за прекршувањето на нивното право.

Заради веројатноста децата да бидат поискрени доколку се прашаат дали на некој друг нешто слично му се случило им беше поставено прашањето 'Дали на некој/а од твоите другари/ки во училиштето им биле повредени правата?'. Наодите покажуваат зголемување на бројот на ученици кои изјавиле дека на

некој друг му биле прекршени правата, па така оваа опција ја избрале 35% од учениците. Двојно поголем број на машки изјавуваат дека на некој нивни другар/ка им било повредено некое право. На прашањето што било преземено за да се адресира прекршувањето на правото на нивниот другар или другарка, одговорот се сведува на информирање на класниот раководител кој ги посоветувал, како и вклучување на педагогот во случаите и нивно разрешување.

Учениците кои учествуваа на групните интервјуа во најголем број сметаат дека одговорните ги штитат нивните права со тоа што се трудат секој произлезен проблем да го решат, особено класниот раководител и педагогот и по потреба ги вклучуваат и родителите. На прашањето да наведат некој конкретен случај кога на некој ученик му било повредено некое право, учениците најчесто наведуваат групен пример за давање на тест без информирање на децата. Исто така децата навеле примери на пишување на неоправдани изостаноци на деца кои биле болни. Учениците дополнително навеле дека со воведувањето на екстерните тестови, професорите бараат многу повеќе знаење за одредена оценка. За сите случаи биле информирани класните раководители и во најголем дел проблемите биле разрешени.

Претседателите на класовите од основното училиште во поголем број наведуваат случаи кога на некое дете му било повредено некое право, но најбројни се оние кога едни деца им ги повредуваат правата на други деца. Претседателите на класовите од средното училиште во многу помал број наведуваат случаи, а најчести се оние каде се прекршува правото на рамноправност помеѓу учениците во зависност од нивната имотна состојба или местото на живеење. И во случаите кои учениците ги напоменале многу малку е превземено за да се реши проблемот. Одредени претседатели се пожалија дека учениците при прекршување на некое нивно право не им се обраќаат нив, туку директно одат кај директорот, така да тие не се во можност да преземат нешто.

Претставниците на училиштата со исклучок на директорите кои не одговорија т.е. со директорот на средното училиште воопшто не се одржа интервјуто сметаат дека ваквите случаи не се многу чести, а кога ги има најчесто се поврзани со незадоволство на учениците од оценувањето. Меѓутоа, исто напоменуваат дека повлечените ученици ретко пријавуваат па така одредени случаи на прекршување на права им поминуваат незабележано. За сите пријавени случаи кои во основното училиште во 2010 се околу дваесетина се преземаат активности за да се воспостави комуникација помеѓу ученикот и наставникот и да се разреши проблемот.

Во случај кога некое нивно право би било повредено, испитаниците најпрво би се обратиле кај класниот раководител (42%), по што следуваа директорот со 27% како што е прикажано во Табела 2. Групирано, 73% од учениците би се обратиле кај вработен во училиштето.

**Табела 2: Во која од наведените личности имаш најмногу доверба и би можел/а да и се обратиш доколку бидат повредени твоите права во училиштето?**

| | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| Не одговорил | 3 | 11,5 |
| Директорот на училиштето | 7 | 26,9 |
| Педагогот | 1 | 3,8 |
| Класниот раководител | 11 | 42,3 |
| Другар/ка од класот | 3 | 11,5 |
| Мајка | 1 | 3,8 |
| **Вкупно:** | **26** | **100,0** |

Основците и тоа машките имаат најмногу доверба во директорот, додека средношколците најмногу му веруваат на класниот раководител за да му се обратат доколку некое нивно право е повредено.

Учениците учесници на групните интервјуа, особено основците сметаат дека најнапред треба да се обратат кај родителите, па потоа кај класниот раководител и педагогот. Средношколците најнапред би се обратиле кај класниот раководител, кај претседателот на класот и кај педагогот. Претседателот на класот не беше воопшто избран од страна на анкетираните ученици.

31% од испитаниците, во најголем број основци сметаат дека во нивното училиште постои ученичко тело или заедница кое ги штити нивните права и ја наведуваат ученичката заедница. Само еден средношколец изјавил дека има вакво тело, но не навел кое е тоа. Дури 42% од испитаниците се сигурни дека такво тело не постои, во најголем број средношколци. Наодот покажува дека во средното училиште не функционира ученичкото здружување или пак децата не се информирани за улогата што ученичките тела треба да ја имаат во заштитата на нивните права, што се потврдува со процентот на испитаници кои изјавиле дека не се сигурни дали во нивното училиште постои такво тело.

**Дали во твоето училиште постои некое тело или заедница од ученици кои се грижат за заштита на правата на учениците?**




Во претходните прашања претседателот на класот воопшто не беше споменуван од страна на испитаниците во отворените прашања каде можеше да го посочат како еден од механизмите за заштита на нивните права. На прашањето 'Каква улога има претседателот на вашиот клас во заштитата на детските права на учениците?', 50% од учениците изјавиле дека претседателот ги застапува нивните права и барања пред класниот раководител, педагогот и директорот. Подеднаков број на испитаници сметаат дека можат да му се обратат ако им е повредено некое право, но и дека не знаат бидејќи немале досега таков случај. 19% од испитаниците не гледаат дека претседателот на класот има некоја улога или сметаат дека нема никаква улога во заштитата на нивните права. Сите ученици од основното училиште сметаат или дека претседателот има некаква улога или не знаат, но никој не одбрал опција дека нема некоја посебна или никаква улога. Ниту еден средношколец не го перцепира претседателот на класот како лице на кое може да му се обратат доколку им е повредено некое право. Учениците од помалите етнички заедници сметаат дека претседателот нема улога во заштитата на нивните права. Наодите укажуваат дека учениците од средното училиште не ја познаваат доволно улогата на претседателот на класот.

**Каква улога има вашиот Преседател/ка на класот во заштита на детските права на учениците?**




Учесниците на групните интервјуа имаат различни искуства од улогата на претседателот на класот. Според некои ученици претседателот на класот е незаинтересиран и не прави ништо за да им помогне кога некое нивно право е повредено, додека според други тие имаат борбен претседател кој се бори за нив, но многу често го извлекува подебелиот крај. Дел од учениците сметаат дека улогата на претседателот е да го извини класот пред наставникот ако немаат научено или да одложи тест. Некои од децата изјавиле дека кај нив во класот е исто како да немаат претседател бидејќи е безгласен. Претседателите на класовите од средното училиште се во поголем број свесни за улогата што ја имаат во одбраната на правата на нивните соученици, додека претседателите од основното училиште повеќе се гледаат како одржувачи на редот и мирот во одделението, грижа за инвентарот и дисциплината, а помалку како застапници на нивните соученици во случај кога некое нивно право е повредено. Наодите укажуваат дека учениците не ја познаваат доволно улогата на претседателот на класот, но и дека претседателите на класот во одредена мерка не знаат што е нивната функција особено на претседателите во основното училиште.

На прашањето за потребата од воведување на дете правобранител во училиштето како тело кое ќе ги штити детските права и каде што учениците ќе можат да се обраќаат доколку некое ниво право е повредено, 96% од испитаниците сметаат дека треба да постои дете правобранител, само едно дете нема став, додека никој не се изјаснил негативно.

Учениците во групните интервјуа во најголем број изјавиле дека е добра идејата да се воспостави ваква позиција, со тоа што средношколците се многу посигурни во своите размислувања за позитивната улога која детскиот правобранител би ја имал во мотивирањето на децата да пријават повреда на некое право. За учениците од основното училиште има повеќе дилеми. Тие не се сигурни колку едно дете кое би ја вршело оваа функција ќе се застапува за другите деца и колку неговото мислење ќе се слуша. Одредени ученици сметаат дека тоа треба да биде возрасно лице, а некои предлагаат да се проба една година па да се види ако функционира да се продолжи, ако не да се укине. И претседателите на класовите во најголем број се согласуваат со идејата да се воспостави детски правобранител, но средношколците се скептични колку тоа би функционирало во пракса. Тие сметаат дека ако професорите не ги слушаат нивните мислења како претседатели нема да го слушаат ни него. Уште една дилема е колку детскиот правобранител би бил надвор од зоната на влијание на професорите и колку неговата функција ќе влијае на неговиот успех во училиштето, пособено ако пријавува случаи во кои се вмешани наставници кои и нему му предаваат. Најголем скептицизам претседателите средношколци покажуваат на тоа колку овој ученик – детски правобранител ќе биде во состојба да ја заштити анонимноста на децата кои ќе пријавуваат вакви случаи.

Класните раководители ја поддржуваат идејата за воведување на модел на дете правобранител, само имаат сомнеж како тоа ќе функционира во пракса имајќи ги во предвид искуствата од други примери. На воведувањето на моделот детски правобранител педагозите гледаат како на интересна идеја, со тоа што според нив треба да се земе во предвид практиката воведена на факултетите. Според педагогот од основното училиште, не е лоша идеја тоа да биде дете, но под услов да има и стручен соработник-наставник кој ќе му помага. Детето не треба да е оставено само на себе и целата работа да е на негов терет, бидејќи постои опасност наставниците да го уценуваат. Можеби, најдобро е тоа да биде екипа од дете, родител и наставник.

Од наодите евидентно е дека при воспоставување на модел за детски правобранител треба да се земат во предвид размислувањата дека од моделот во многу ќе зависи дали тоа успешно ќе функционира, како и механизмите за негово функионирање.

Дури 93% од испитаниците изразиле желба да научат повеќе за нивните права и начините како да постапат кога тоа би се случило. Наодите покажуваат дека учениците имаат потреба и интерес да научат повеќе за своите права во рамките на училиштето со цел да ги зголемат своите знаења и да знаат кога некое право им е повредено.

Наодите од групните интервјуа со учениците од основното и средното училиште како и интервјуата со претседателите на одделенијата/класовите ги потврдуваат наодите од анкетата т.е. дека учениците се заинтересирани да научат повеќе за нивните права без разлика дали имаат некакви познавања или

не знаат ништо. Многу малку од интервјуираните ученици дале конкретни предлози за тоа што би сакале да научат повеќе. Скоро сите се сложуваат во мислењето дека треба повеќе да научат за сите права, а особено за правата во училиштето, оти само така ќе знаат кога некое нивно право е повредено, па да реагираат.

Класните раководители не добиваат никаква посебна едукација за правата на децата, освен она што индивидуално покажале интерес да го научат а е од интерес на децата. Според педагошко-психолошката служба наставниците знаат за Конвенцијата, но немало организирани обуки специфично на оваа тема. Родителите се вклучени во заштитата на правата на децата индивидуално, т.е. доколку има случај на нивното дете да му е повредено некое право, но и преку советот на родители кој сепак нема некоја важна улога бидејќи е подложен на влијанија од различни страни. Спроведувањето на детските права може да се подобри преку едукација и на наставниците и на учениците. Фокусот на обуката на наставниците треба да биде на поттикнување на креативноста кај децата преку сослушување на нивното мислење и земање во предвид на нивните ставови во донесувањето на одлуки за многу суштински прашања, а не само за екскурзии и прослави.

**Заклучоци**

- Повеќе од половина од испитаниците не знаат за Конвенцијата за правата на детето, а уште поголем дел не знаат за содржината на Конвенцијата. Голем број деца воопшто не прочитале ништо од Конвенцијата. Кога добиваат опции да изберат кои права се содржани во Конвенцијата помалку од една четвртина од децата препознаваат дека сите наведени права се дел од Конвенцијата. Децата покажуваат огромен интерес да научат повеќе за нивните права и како истите може и треба да ги штитат.
- Генерално децата знаат да наведат по неколку и права и обврски кои ним им се најважни а кои се поврзани со училиштето со тоа што одреден број на испитаници основци тешко прават разлика што е обврска, а што право. Очигледно е дека во нивната едукација недостигаат содржини кои дополнително би им ја разјасниле разликата помеѓу правата и обврските.
- Децата му даваат предност на социјалниот работник, класниот раководител и педагогот при обраќање доколку некое нивно право е повредено. Класниот раководител е повеќе препознаен од страна на средношколците како заштитник на нивните права. Основците исто така сметаат дека сите наставници заедно со директорот се задолжени да ги штитат нивните права, додека средношколците повторно ја потенцираат улогата на класниот раководител. Ученичките претставници воопшто не се перцепираат како органи или тела кои имаат обврска да ги штитат нивните права, па затоа и не ги избираат како органи на кои може да се обратат при повреда на некое нивно право. Во најголем дел се избираат претставници на наставничкиот кадар или училишната администрација.
- Недоволното познавање на нивните права придонесува половина од децата да не се сигурни дали некое нивно право е повредено. Тогаш кога знаат дека некое право им е повредено пријавуваат, и тоа кај родителите. Многу малку се преземаат мерки со кои ќе се елиминираат прекршувањата на правата на децата и преземените активности се однесуваат на сослушување и советување.
- Многу малку деца особено од средното училиште знаат дали во нивното училиште има ученичко тело или организација која ги штити нивните права. Перцепцијата се подобрува кога се истражува улогата на претседателот на класот, за која половина од испитаницити сметаат дека тој ги штити нивните права пред класниот раководител и директорот.
- Вработените во училиштето се личностите во кои децата имаат доверба и би ги избрале да им се обратат доколку некое нивно право е повредено. Претседателот на класот воопшто не е избран како лице во кое децата имаат доверба да му се обратат при повреда на некое нивно право што уште еднаш ја потврдува маргинализираната улога на претседателот на класот во сферата на заштита на детските права.
- Скоро сите деца сметат дека е потребно да се воведе дете правобранител во нивните училишта како форма која би ги штитела

нивните права и каде би можеле да се обратат доколку некое нивно право е повредено.